

**ВАСИЛ ИКОНОМОВ ПОПОСКИ - ДИМКОСКИ (1848-1934)**

Попознат во својата средина како Василко Попоски Димкоски. Го зазема скромното но значајно место во пантеонот на македонската културно-национална историја. Тој е познат не само како учител што предавал на својот мајчин јазик, туку и како истакнат етнолог, фолклорист, вреден препишувач, калиограф во духот на манастирската традиција во Македонија, потоа црковен певец, автор на црковно нотно пеење, преведувач, издавач и печатар со што изградил име за почит во нашата историја - пишува академик д-р Блаже Ристовски. За него и за неговата дејност српскиот академик д-р Владан Недиќ пишува: *"Ниедна јужнословенска збирка на лирски народни песни, па ниту првата на Вук Караџиќ не содржи на толку страници толкава бројка на антологиски текстови каква што е книгата на Васил Икономов, што ја објавил во Солун во 1895 година"*
. Во книгата на акедемикот д-р Блаже Ристовски посветена исклучиво на Васил Икономов е запишано:
*"Еднаш некои високи личности во Белград му понудиле на Васил Икономов српска пензија и притоа тој категорично ја одбил. Јас не сакам српска пензија - рекол притоа тој. А Бугарите да ти ја дадат? - прашале тие. Ако ми ја давале Бугарите јас ќе останев во Софија, а не во Лазарополе. Јас сум работел само за Македонија - додал притоа Икономов и продолжил. Не сакам пензија ниту од Бугарија, ниту пак од Србија. Ќе дојде време и нашето петле ќе пропее - со својата старечка упорност заклучил Васил Икономов"*
.
литература: исто, стр.19.

Културно национален деец, активен поддржувач и координатор на црковното антипатријаршиско и антигрчко движење во дебарскиот крај, собирач и издавач на народното творештво, собирач на стари ракописи и книги, учител, публицист, црковен пејач, кмет на селото, полиглот кој зборувал турски, грчки, албански, српски, бугарски, руски, романски и најверојатно француски јазик. Роден е во Лазорополе на 6 мај 1848 година. Василко, како што го викале сите од родното село, потекнува од најстариот род во селото Димковци, кои подоцна го добиваат презимето Поповци заради тоа што тие ги давале селските попови. Татко му бил Апостол Попоски, кој се занимавал со кираџилак, но и со трговија. Убиен бил од арамиска банда. Мајка му била Риста Чуреска, кој

починала во 1854 година, кога Василко имал само 6 години. Грижата за него ја презел неговиот чичко поп Коста Мартинов Попоски Димкоски кој на прекар бил викан Иконом, па оттаму најверојатно доаѓа и презимето на Василко Икономов. Се описменил во ќелијното-селско училиште, каде што учителствувал поп Мартин Димкоски (неговиот дедо) и каде што настават се одвивала на мијачки дијалект, а црковната служба на црковно-словенски јазик. Откако се здобил со првичното образование, неговата интелигенција била забележана од грчкиот владика Калиник од Дебар, кој го испратил на дообразување во една од тогашните познати грчки семинарии, со цел подоцна да го искористи за проширување на грчкото влијание во селата од Мијачијата, кои остро се спротивставувале на големогрчката пропаганда. Но, по завршувањето на школувањето и откако се вратил во родното Лазорополе, Васил Икономов му ја откажал послушноста на грчкиот владика. Васил се оженил за првпат во 1865 година на свои 17 години. Од тој брак имал едно дете кое набрзо умрело, а исто така и жена му. Се оженил и по втор пат, но и таа жена набрзо му умрела. Конечно, на 20 годишна возраст, во 1868 година, се оженил и по трет пат, овој пат со Ангелина (Анѓа) Камбуроска, со која што имале 10 деца, но од кои докрај му останал само синот Методија Попоски. Тој активно се вклучува во црковното антипатријаршиско движење, кое што постоело не само во селото, туку и на целата територија на западна Македонија, многу блиску соработувал со аџи Теофил Аврамов Жунгулоски (подоцна првиот македонски митрополит на Дебарската епархија). Со тоа го навлекол гневот на грчкиот патријаршиски владика Антим од Дебар, кој го наклеветил кај турските власти дека работи за нивно уривање, по што бил приморан во есента 1874 година, да замине за Плоешт, Романија, кај македонските печалбари кои што се наоѓале таму. Се вратил во селото по неколку месеци. Василко Икономов имал воспоставено контакт со познатиот српски собирач на народни песни, умотворби, етнографски записи и истории Стефан Верковиќ, кој воедно бил и претставник на српската пропаганда, која во тоа време започнала поактивно да дејствува во Македонија. Но, освен со него, Василко имал контакти и со рускиот конзул во Призрен познатиот србофил Јастребов, на кого што му дал извесен број собрани народни умотворби од својот крај, а овој во 1886 година ги објавил како српски. Најверојатно овие контакти ги остварил преку својот добар пријател и истомисленик аџи Теофил Жунгулоски, кој бил во постојана преписка со овие личности. Во периодот на заедничкото учителствување во родното Лазорополе, заедно со својот пријател Теофил Жунгулоски, успеале да извршат коренита реформа на училишниот систем во селото. Дотогашните стари методи на образование како и разните псалтири, месецослови и апостоли биле заменети со современи педагошки средства и методи, со нови букври, читанки, сметанки, земјописи и истории. Во црковната училница за првпат биле внесени клупите и надгледните средства. На крајот на секоја учебна година, учениците пред своите родители биле јавно испитувани. Тие двајцата се грижеле за отворање на ваков тип на училишта и во другите села на Мијачијата. За време на заедничкото дејствување со аџи Теофил против грчкото-патријаршиско влијание, заради своето образование и веќе изградениот авторитет како учител заземал раководни функции во народното црковно-просветно движење. Така на собирот што се одржал во селото Гари на 28 август 1878 година, на празникот Успение на Св. Богородица, бил избран нов Епархиски одбор на Дебарско-Кичевската епархија, каде што тој заедно со аџи Теофил и Аврам Голибегоски од Лазорополе биле именувани за членови. Во периодот 1882/83 година, Василко Икономов, во Лазорополе отворил т.н *Неделно училиште* за младинци и

возрасни. Него го посетувале младинци од селата Гари, Осој, Росоки, Селце и Тресонче, а целта била зајакнување на образовното ниво на младинците и правилно насочување кон остварување на целите на тогаш силното црковно-просветно движење. Откако се случило убиството на архимандритот Теофил на 20 јули 1884 година (од страна на потплатени Албанци од грчкиот владика Антим) како негов најблизок соборец и другар на закопот на Теофил во селската црква, прошталeн говор одржал Василко Икономов, јавно ветувајќи продолжување на борбата против Антима и грцизмот. На 27 октомври 1884 година Василко од името на населението на дебарската каза, составил молба - жалба (напишана на арапски јазик) и адресирана до претседателот на турската влада, со која што се барало отстранување на грчкиот владика Антим и назначување на егзархиски владика. Тој заедно со дебарскиот првенец Велко Топалоски отишле во Цариград, лично да ја однесат претставката, но резултат на тоа било масовно апсење на преку 30-тина првенци од дебарско-реканската област. Меѓу нив, се разбира, бил и Василко Икономов. Постојано клеветен Василко бил повеќепати апсен и носен во Дебар, под изговор дека е руски шпион, кој ширел руска пропаганда. За да се спаси од постојаните тортури, тој извесно време (во текот на 1885 година) минал во редовите на братството на кичевскиот манастир Света Пречиста, кај Крнино, најверојатно како учител во развиеното манастирско училиште. Но, веќе во 1886 година тој повторно се наоѓа во Лазорополе на своето место како учител во селото. Во 1886 година Василко Икономов, заедно со уште еден охриѓанец и еден битолчанец, а по упатство на рускиот конзул во Битола, заминале за Русија, Петербург, каде што останале 15 дена. Покрај другото тие се јавиле и кај рускиот патријарх, од кого добиле три свештенички костима, разни црковни книги и две камбани за црквата Св. Ѓорѓија во Лазорополе. Сите тие материјали од Русија дошле преку рускиот конзул во Битола, а од таму до Лазорополе биле пренесени со кола од страна на Тоде Бешески. Камбаните биле свечено пречекани пред селото. Како лични подароци од аудиенцијата што ја оствариле кај рускиот император Николај II Николаевич, тие добиле по една сребрена табакера со златен монограм и ликот на императорот, кои пак при враќањето им биле земени на турската граница, а тие одлежале по два месеци затвор.

Точно не се знае од кога Василко Икономов започнал да се занимава со собирање на народни умотворби, но се знае дека покрај контактите што ги имал со србинот Стефан Верковиќ, тој имал контакти и со бугаринот Иван Шишманов, познат славист. Од нивната меѓусебна преписка се дознава дека Василко покрај тоа што собирал народни обичаи и лирски македонски народни песни, собирал уште и балади, гатанки, баења, пословици, брзоговорки, детски залагалки, стари јуначки песни и приказни. Мал дел од неговите собрани умотворби биле објавени во првите два броја на монументалниот Сборник за народни умотворенија 1889-1890 издаден во Софија. Василко Икономов во учебната 1892/93 година, од страна на егзархиската Бугарска црковна општина Дебар, бил известен дека е исклучен од учителската должност во селото заради, како што било наведено: *„неисполнување на својата должност“*, а имено, по инспекција што била направена во лазороското училиште, од страна на бугарски контролори, се открило дека предавањата се извршувале на мијачко наречје, а не на бугарски јазик како што барала Егзархијата и за што Василко Икономов, примал плата. Од тоа може да се види односот на Василко кон пропагандите кои во тоа време станувале сé пожестоки. Останувајќи без работа, тој отишол во Софија. Таму се зближил со Коста Шахов, организаторот на Младата македонска книжовна дружина во Софија и редактор на весникот Македонија ,

а каде што во тоа време се врткал и стариот Марко Цепенков. Васил Икономов по пат на претплатници во Софија го издал истата 1893 година необемниот
*Сборник от старо-народни песни и обичаи в Дебарско и Кичевско (Западна Македопнија)*
. Книгата имала 162 страници, со 275 песни со обичаите и списоци на вкупно 754 претплатници. Игуменот на Бигорскиот манастир во едно писмо му се обраќа на Василко Икономов како учител во Лазорополе во 1895/96 учебна година, а од друга страна пак, егзархиската Бугарска црковна општина Дебар дава податоци дека тој во таа учебна година бил учител во селото Беличица. Во 1895 година, но овојпат во Солун и со одобрување од надлежните турски власти, Василко Икономов го издава својот втор зборник на народни песни под името
*Сборник от старо-народни умотворенија из Дебрско, Кичевско и Охридско. Сбрал и издава В.Икономов во Скоро-печатницата на „С. Муратори и С-ие“*
. Во оваа збирка се собрани 211 народна песна и тоа повторно се работи за главно обредни песни, а како претплатници за книгата се среќаваат 694 имиња. Не се знае точно кога, но Василко Икономов ја посетил и Света Гора, по што во 1896 година излегува неговата следна книшка на 18 страници, во истата солунска печатница „С. Муратори и С-ие“
*Кратко описание на светогорските монастири*
. Во 1897/98 година семејството на Васил Икономов се соочува со тешка трагедија. Многуте деца од бракот со Анѓа се раболуваат и умираат, најверојатно од дифтерија, а неговата жена умствено се растројува, по што сите (заедно со преостанатиот син Методија) одат во Софија, кај богатите роднини Станишеви, каде што остануваат две-три години. Во периодот од јуни 1902 до јуни 1907 година, Василко Икономов претсојувал во Браила, Романија, најверојатно на печалба. Таму се појавува во служба на црковен пејач, во црковниот храм
*„Св. Вознесение“*
. Но, освен со пеење, во својот петгодишен престој таму, тој напишал, превел и издал (како што самиот запишал во еден псалтир) неколки душеполезни книшки.

Во јули 1908 година, Василко Икономов по Хуриетот (Младотурската револуција) отишол во Солун, со цел да биде поблиску до својот син Методија Попоски, кој учел во тогаш престижната Солунска машка гимназија. Таму Василко, заедно со некој ѓакон Јосиф отвориле печатница која работела 7/8 месеци. Во 1910 година во Солун е издадена малечката книга *Народна песнопоука* во која се наоѓале и илинденски револуционерни песни. Токму заради објавувањето на оваа книга, Василко бил прогонет од турските власти и тој морал да бега и да се крие по бачилата на своите пријатели, но и во манастирот Пречиста, Кичевско, каде според кажувањата на неговото семејство, тој имал и своја соба. Така тој го дочекал и метежот од Првата Светска војна. Откако на 20 ноември 1915 година српската војска го напуштила Лазорополе, тука дошле бугарските окупациони сили и воспоставиле своја управа. Била формирана лазороска општина управувана од три члена Васил Икономов - претседател, Мицо Јанков - член, Спиро Ангелов - член и Спасе Исов - секретар-благајник. Василко Икономов како кмет на селото останал до 24 декември 1917 година, кога со наредба бил префрлен во Требишката општина на иста должност. За време на неговото кметство во селото било

образувано *Народно Читалиште*, за чиј претседател бил именуван свештеникот Данаил поп Костов (негов братучед), а за раководител на читалиштето бил определен тогаш главниот учител во селото Методија Попоски (неговиот син). По капитулацијата на Бугарија и завршувањето на Првата Светска војна, Василко Икономов повторно се засолнил во манастирот Пречиста, но тој бил набргу откриен од српската власт. Заедно со сина му Методија биле осудени на бесилка, од која ги спасил галичанецот Васил Чоланчески. По ова тој се прибрал во родното село и водел мирен старечки живот. За тоа за каков човек станувало збор, можеби најдобро зборува настанот кога извесни српски претставници од Белград дошле да му нудат пензија, а тој категорички ја одбил со зборовите:

*- Јас неќам српска пензија!*

*- А Бугарите да ти дадат?*

*- Ако ми давале Бугарите, јас ќе си останев во Софија, а не во Лазорополе! Јас работев само за Македонија и не сакам пензија ни од Бугарија, ни од Србија! И нашето петле ќе пропее!*

На 4 јуни 1934 година, во своето Лазорополе, на над 86 годишна возраст починал Василко Икономов.



СБОРНИКЪ
ОТЪ
СТАРО-НАРОДНИ ПѢСНИ И ОБИЧАИ ВЪ ДЕБЪРСКО И КИЧЕВСКО (ЗАПАДНА МАКЕДОНИЯ)

СЪБРАЛЪ и ИЗДАВА
ВАСИЛЪ ИКОНОМОВЪ

СОФИЯ
Печатница „Македония“
1893.


СБОРНИКЪ
ОТЪ
СТАРО-НАРОДНИ УМОТВОРЕНИЯ
ИЗЪ
ДЕБЪРСКО, КИЧЕВСКО И ОХРИДСКО.
СЪБРАЛЪ И ИЗДАВА
В. ИКОНОМОВЪ.
СОЛУНЪ
Скоро-печатница на С. Муратори и С-ие.
1895.